


**Мицкоски: Процесот на одложување на уставните измени е поради тоа што власта нема поддршка.**

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски во Општина Штип во рамки на активноста „Ова е Македонија за сите“ изјави:

„Ние веќе година дена ги очекуваме Уставните измени бидејќи уште од минатата година јули месец почна оваа драма околу уставните измени, па требаше есента, па зимото 2022-ра, па префрлија во февруари, па не февруари туку мај, па јуни и јули еве дојде така што континуирано имаме еден процес на одложување, а процесот на одложување значи дека тие немаат поддршка тоа што го прифатија без да ја консултираат опозицијата и без да го консултираат македонскиот народ“.

Кога народот заедно со опозицијата нуди решенија за национално единство и консензус тие континуирано играат на една карта, а тоа е интересот на Бугарија и континуирано

ги одбиваат овие иницијативи кои ги дава опозицијата заедно со народот.

**Сакам да сме на чисто:**

**„После една година можам да им кажам и на Ковачевски, Османи, Маричиќ и останатите дека повеќе нема ништо на маса. Има само една работа а тоа е да седнеме и да се договориме околу изборите.**

**Кога ќе бидат изборите, како ќе бидат изборите, на кој начин, со техничка Влада, без техничка Влада или се она кое што е поврзано со изборите“.**

**Од овој момент па натаму повеќе нема да зборувам за ништо што е поврзано со уставните измени туку единствената работа која ќе биде тема е да се седне на маса и да се разговара за брзи предвремени парламентарни избори оваа есен истакна Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски.**